РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Академија за обука на судии и јавни обвинители
на Република Македонија

Врз основа на член 9, став 1, алинеја 1 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија”, бр.13/2006), на предлог на директорот на Академијата, Управниот одбор на ден 22.02.2010 година го усвои следниот

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за работата на
# Академијата за обука на судии и јавни обвинители
# за 2009 година

Во текот на 2009 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители (подолу Академијата) ги презема сите законски активности како на планот на почетната обука на кандидатите за судии и јавни обвинители така и активности за континуираната обука на судиите и јавните обвинители и на другите целни групи. Со задоволство може да се констатира дека во целост беа остварени обврските кои произлегуваат од Програмите за почетна обука на две генерации кандидати за судии и јавни обвинители и Рамковната програма за постојано стручно усовршување на судии, јавни обвинители и други целни групи - 2009/10 во делот за 2009 година, како и Годишниот и деталните календари на планирани обуки за постојано стручно усовршување на судии и јавни обвинители и другите целни групи, донесени за реализација на Програмата за постојано стручно усовршување за 2009 година. Во текот на 2009 година, Академијата го унапреди квалитетот на понудените обуки, работеше интензивно на јакнење на сопствените капацитети, ја прошири и ја зајакна домашната и меѓународната соработка и доследно ги спроведуваше препораките на Европската комисија изнесени во извештаите за следење на прогресот на Република Македонија и од евалуационите извештаи на проектот КАРДС 2004, со што континуирано дава свој придонес во јакнење на стручноста, професионалноста и независноста на правосудството како еден од приоритетите на правосудните реформи во Република Македонија, а клучен приоритет од Партнерството за пристапување кон Европската унија.

Во текот на 2009 година во целост се реализирани предвидените приоритети и цели согласно со Програмата НПАА на Владата на РМ, како и Програмата за работа на Академијата за 2009 година изготвена од директорот на Академијата, а усвоена од Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 27 април 2009 година.

# I. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

## ВРАБОТУВАЊА

Согласно со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) проектирани се среднорочните приоритети на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во поглед на институционалното зајакнување, кадровско екипирање и јакнење на административните капацитети, и во текот на 2009 година беа предвидени 5 нови вработувања за следниве работни места:

1. советник за апликативна поддршка,
2. соработник за аналитички работи и евиденција на програми,
3. виш соработник за административно-логистичка поддршка,
4. виш соработник за правни пребарувања и библиотечно работење,
5. самостоен референт за архивско работење.

Од нив, четири се реализирани во октомври 2009 година, а работното место за виш соработник за правни пребарувања и библиотечно работење е огласено во декември 2009 година, за кое се одобрени буџетски средства од Министерството за финансии, а ќе се реализира во почетокот на 2010 година.

Во Академијата, во текот на 2009 година, освен државни службеници вработени во редовен работен однос, беа ангажирани три лица преку привремените вработувања, од кои 2 во меѓувреме добија статус на државни службеници во редовен работен однос, а едно лице е ангажирано на проекти и едно лице ангажирано за замена до враќање на отсутен работник.

Стручната служба на Академијата брои 20 вработени, од кои 18 редовно, 1 со привремено вработување и 1 на проект.

Оваа година забележано е зголемено учество на државните службеници на обуки кои се организирани од страна на Агенцијата за државни службеници, така што вработените посетуваа обуки од областа на човечките ресурси – вработување и селекција, управување со проектен циклус, потоа обуки за јавни набавки и финансиско управување, но и обуки од областа на информатичката технологија. Вкупниот број обуки на кои учествувале вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година изнесува 15 (петнаесет).

Освен обуката, реализирани се и останатите законски обврски кои произлегуваат од Законот за државни службеници, и се однесуваат на оценувањето на државните службеници, како и изготвувањето на Програмата за правична и соодветна застапеност и Програмата за обука на државните службеници.

Исто така, реализирани се и дел од обврските кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа, така што извршен е систематски преглед на сите вработени во Академијата, изработени се планови за евакуација и набавени се противпожарни апарати.

## БУЏЕТ И ЈАВНИ НАБАВКИ

Академијата ја започна 2009 година со одобрен буџет во износ од 33.133.000,00 денари. Во однос на 2008 година буџетот кој е одобрен во 2009 година е за 1.8% помал. Во текот на 2009 година Академијата се соочи со недостаток на финансиски средства кои беа потребни за реализирање на обврските кои произлегуваа од преземените активности во институцијата. Во текот на 2009 година се одвиваше обука на две генерации кандидати за идни судии и јавни обвинители и паралелно се одвиваа активности во рамките на континуираната обука на судии и јавни обвинители.

Оваа година Министерството за финансии не одобри дополнителни средства за реализирање на активностите во Академијата. Академијата 2009 година ќе ја заврши со неподмирени обврски од кои во најголем дел се однесуваат на договорни услуги - надоместоци за предавачите и менторите.

Во рамките на реализирање на инвестиционата програма и средствата од буџетот за 2009 година, Академијата во текот на 2009 година спроведе вкупно 27 постапки за доделување договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, од кои две со објавување на оглас, а 25 без објавување на оглас.

## ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ (IT)

Во текот на првата половина на 2009 година се реализираше јавна набавка на хардверска опрема и лиценци. Со реализацијата на оваа набавка се овозможи имплементација на софтверското решение изготвено за потребите на Академијата – SharePoint портал на Академијата. Во порталот се води комплетна база на податоци за учесниците во почетната обука и за учесниците во постојаното стручно усовршување. Истовремено, во порталот се води запис за сите активности кои се одвиваат во Академијата, како за наставата во почетната обука, така и за реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување. Истовремено во софтверското решение е имплементирана и платформата за е-учење (e-learning), која овозможува учење на далечина (distance learning).

По имплементацијата на порталот SharePoint следеше фаза на прилагодување и мигрирање на постојните податоци, при што беа мигрирани повеќе од 12.000 записи за периодот 22.11.2006 - 1.7.2009 година, а до крајот на 2009 година порталот се надополни со повеќе од 4.000 нови записи.

Во декември 2009 година Академијата спроведе јавна набавка со барање за прибирање понуди без објавување оглас за набавка на РАМ-мемории за надградба на персоналните компјутери и уред за непрекинато напојување за телефонската централа како и јавна набавка со барање за прибирање понуди без објавување оглас за набавка на услуга за перманентен ADSL-пристап на Интернет.

Исто така, во декември 2009 година Академијата ја обнови годишната лиценца на антивирусната програма Kaspersky, како за серверите, така и за персоналните и преносните компјутери.

**БИБЛИОТЕКА**

Во 2009 година Академијата го збогати библиотечниот фонд со нови книги, законски текстови и коментари преку буџетски средства и донации. Кон крајот на годината, од буџетот беа набавени и 30 нови наслови на домашна и странска правна литература.

Библиотеката на Академијата како членка на МЕБ стана дел и од информатичкиот сервис EBSCO и на тој начин им овозможи бесплатно пребарување и пристап на своите корисници до над 20.000 врвни научни и стручни списанија и весници преку нивните електронски верзии, како што се на пр. Harvard Law Review, New York Times, Wall Street Journal, National Geographic и многу други.

Академијата ја почувствува потребата од стручно списание во кое ќе бидат презентирани сите активности на Академијата, ќе бидат изразени ставовите на видни личности од областа на правосудството, списание во кое експертите ќе го разменат своето искуство со читателите, списание кое ќе понуди содржини, теми и написи од домашни и странски автори, списание во кое ќе се презентираат случаи од домашната и меѓународната практика.

Од таа причина, во ноември 2009 година во издаваштво на Академијата, а во соработка со Германското друштво за техничка соработка (ГТЗ) во печат излезе и првото стручно списание ”IUSTITIA”, кое Академијата ќе го издава квартално. Првиот број беше печатен во тираж од околу 600 примероци и поради големиот интерес за него, беше дистрибуирано до сите судови, јавни обвинителства, релевантни министерства, странски и домашни институции и дипломатските претставништва во Р. Македонија.

Во насока на унапредување на библиотечното работење, во месец март 2009 година Академијата му овозможи на библиотекарот посетување на два почетни курса за COBISS 2 кои се однесуваа на библиотечното работење и каталогизација во софтверската апликација COBISS. Исто така, во библиотеката на Академијата беше инсталиран софтверот COBISS, со што започна и работата во пробната, а истовремено и во реалната база. На овој начин многу набрзо Библиотеката ќе овозможи пристап до својот фонд на сите членки кои се дел од овој систем.

Библиотеката на Академијата преку свој претставник беше и дел од Министерската конференција во Марибор, Словенија, која беше организирана од страна на ИЗУМ, кој го развива софтверското решение за електронска поврзаност на библиотеките од Балканот, а беше поддржана од Министерствотоо за култура и Министерството за надворешни работи на Словенија. Конференцијата беше посветена на развојот на информатичкото општество и значењето на библиотеките како институции кои нудат многу информации и кои се незаменлив дел од социјалниот живот на секој човек.

# II. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА АКАДЕМИЈАТА

## 1. РАБОТА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2009 година беа одржани **единаесет седници** на Управниот одбор на Академијата на кои се разгледуваа и утврдуваа прашања од неговиот делокруг.

Во текот на 2009 година, на предлог на директорот на Академијата, Управниот одбор донесе одделни општи акти, утврди програми, усвои извештаи и тоа:

- Извештај за работата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2008 година,
- Годишен план за јавни набавки за 2009 година на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- Програма за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година,
- Програма за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители – практична настава,
- Програма за полагање на приемниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година,
- Програма за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија – теоретска настава (настава во Академијата) за 2009/2010 година,
- Правилник за текот и начинот на одвивање на практичниот дел од почетната обука, правата и обврските на кандидатите за судии и јавни обвинители и менторите,
- Правилник за почетокот, редот и дисциплината, дисциплинската одговорност и други права и обврски на кандидатите за почетната обука во Академијата – теоретска настава (настава во Академијата),
- Правилник за организација и работа на библиотеката на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија.

## 2. РАБОТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2009 година, Програмскиот совет како стручен орган на Академијата во рамките на својата дејност одржа вкупно три седници на Програмскиот совет, на кои се разгледуваа и се утврдуваа предлози на програми во делот на почетната обука, и тоа:

- Предлог-програма за почетна обука – практична настава,
- Предлог-програма за полагање на приемен испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители за 2009 година,
- Предлог-програма за почетна обука во Академијата за обука на судии и јавни обвинители – теоретска настава (настава во Академијата) за 2009/2010 година.

## 3. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКТОРОТ НА АКАДЕМИЈАТА

Во текот на 2009 година, директорот на Академијата ги вршеше сите овластувања согласно со законот, Статутот и општите акти на Академијата со цел создавање на услови за нејзино секојдневно нормално и законско функционирање. Во таа смисла во рамките на раководењето со работата на Академијата, се грижеше за спроведување на одлуките на Управниот одбор, поднесуваше предлози за донесување на општи акти, Предлог-програма за работа на Академијата, предлог-програми за обуки, Предлог-годишен извештај за работа на Академијата, претседаваше со седниците на Програмскиот совет, учествуваше во работата на седниците на Управниот одбор без право на глас на кои редовно поднесуваше извештаи за остварените активности на Академијата во периодот помеѓу две седници.

Како член на Судско-буџетскиот совет и на Советот за правосудни реформи учествуваше во работата на седниците на овие совети.

Директорот на Академијата како член на Работната група за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската унија, до министерот за правда достави и предлози за ревизија на НПАА за 2010 година.

Како претседател на работната група за изготвување на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители, директорот учествуваше во работата на изготвување на текстот на законот имајќи ги предвид предностите и недостатоците кои се покажаа при тригодишната имплементација на Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, како и од досегашната реализација на програмите за обука, особено за почетна обука и првиот циклус на избор на завршените кандидати од Академијата. Во предвид беа земени и препораките од извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, извештајот на оценската мисија на Европската комисија од 2008 година, двата извештаи на оценската мисија на проектот КАРДС 2004 и предлогот за менување на Законот за Академија на проектот КАРДС 2004 од ноември 2007 година, компаративната практика на институциите за обука од регионот и Европа со подолга традиција, како и најновите документи и практика во поглед на најновите правци на развој на обуката заснована на меѓународни стандарди усвоени од Европската комисија, како и мрежите за обука на Совет на Европа (Лисабонската мрежа и на ЕУ - Европската мрежа за обука на правосудството – EJTН). Предлог-текстот е изготвен и подготвен за понатамошна постапка.

Исто така, директорот беше претседател на работната група формирана во Министерството за правда, која го изработи акцискиот план за имплементација на новиот Закон за кривична постапка.

Во рамките на Меѓународната организација за миграција (ИОМ) беше формирана работна група за изработка на програма за обука за трговија со луѓе и криумчарење со мигранти, чиј член е директорот на Академијата, кој редовно учествуваше во активностите на оваа група.

Активен член е и на работната група формирана во рамките на Министерството за надворешни работи за измени на законодавството во врска со криминал од омраза.

Во текот на 2009 година во рамките на проектот на USAID директорот на Академијата учествуваше во Работната група за изработка на Стратешкиот план за судската власт за 2010-2012.

Претседател на уредувачкиот одбор на IUSTICIA, првото стручно списание на Академијата, за кое има напишано и напис на тема Квалитет на судските одлуки/ Можно ли е да се мери и да се оценува квалитетот на правдата, Мислење 11 на КСЕС.

Во текот на 2009 година, директорот на Академијата одржа и бројни предавања и излагања пред судиите и јавните обвинители во врска со следните теми:

- На семинарите на тема „Судство и медиуми“ кои се одржаа на 27-28 февруари, 2009 година и 24 септември 2009 година, директорот на Академијата ги изложи Документите на Советот на Европа во односите на судството и медиумите со компаративни искуства, Мислењето бр. 7 (2005) на Советодавниот совет на европските судии (CCEC) на тема „Судството и општеството, усвоено на 6-тиот пленарен состанок (Стразбург, 23-25 ноември 2005 година);
- На семинарите на тема „Градење и унапредување на критериумите за избор, следење и евалуација на работата на судиите согласно со Правилникот за постапката, критериумите за следење и оценување на работата на судиите“ и „Критериуми за избор, унапредување и евалуација на работата на јавните обвинители по досегашната примена на Законот за јавно обвинителство и Законот за советот на јавните обвинители“, го презентираше Мислењето бр.11 од Консултативниот совет на европските судии, кое се однесува на квалитетот на судските одлуки;
- На семинарот на тема „Зголемување на меѓународно-правната соработка поврзана со тероризмот, вклучувајќи ги подготовките на барањата за екстрадиција и меѓусебна правна помош“, кој го организираше Академијата во соработка со Канцеларијата на ОН за сузбивање на дрога и криминал (UNODC) на 14 и 15 октомври 2009 година, го презентираше „Мислењето број 8 (2006) на Советодавниот совет на европските судии (КСЕС) во однос на толкувањето на ‘улогата на судиите и рамнотежа помеѓу заштита на јавноста и човековите права во контекст на борбата против тероризмот’ од страна на Комисијата на министри во Советот на Европа“. Во своето излагање ги објасни конкретните активности што ги презема Советот на Европа во борбата против тероризмот, со цел да се постигне вистинска рамнотежа помеѓу заштитата на индивидуалните права и слободи и јавната безбедност, а тоа се: зајакнување на законските мерки против тероризмот, заштита на фундаменталните демократски вредности и разгледување и разрешување на причините за тероризмот;
- Во јуни 2009 година на конференцијата организирана од GTZ на тема Улогата на жената во процесот на правната и економската реформа во Р. Македонија одржа свое предавање на тема Улогата на жената судија и јавен обвинител во заштита на човековите права во текот на судските постапки и воопшто улогата на жената во правосудството на РМ;
- На циклусот на обуки (4) посветен на Конвенцијата на ООН за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жената и Факултативниот протокол имаше свое излагање на тема Улогата на жените судии и јавни обвинители како гаранти за заштита на човековите права и слободи во судските процеси;
- На 28 и 29 октомври 2009 година, на обуката во организација со USAID, Јакнење на капацитетите на членовите на Судско-буџетскиот совет, која беше наменета за членовите на Судско-буџетскиот совет, одржа предавање на тема Компаративни искуства од Студиска посета во САД (државите Њујорк и Калифорнија) на раководителите од Судскиот совет/Врховниот суд;
- Во декември, 2009 година на конференцијата за спортско насилство во организација на Фудбалската федерација на Македонија за спортско насилство, одржа предавање на тема: Документите на Советот на Европа за насилството во спортот.

Во рамките на своите надлежности, директорот во текот на 2009 година донесе бројни одлуки согласно со Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители, Законот за јавни набавки, Законот за работни односи и Законот за државни

службеници, Законот за извршување на буџетот на Република Македонија и Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство, Законот за платен промет, Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за безбедност и здравје при работа, Законот за постапување по претставки и предлози, Уредбата за канцелариско и архивско работење, Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката.

Директорот го организираше спроведувањето на почетната и континуираната обука, ја координираше соработката на органите на Академијата со домашните институции, органи и НВО, контактите со едукаторските и менторските тимови, ги договараше проектите со странските и домашните донатори, примаше делегации, ја организираше и раководеше со меѓународната соработка за домашните судии и обвинители и за Судскиот совет и Управниот суд на РМ.

Како член на Работната група на Консултативниот совет на европски судии (CCJE) во рамките на Советот на Европа активно учествуваше на 16. состанок на работната група одржан во Стразбур, Република Франција во февруари 2009 година, како и на 10. пленарен состанок на Консултативниот совет на европски судии во Брдо, Љубљана, Република Словенија во месец ноември 2009 година. Повторно е избрана за член на работната група на овој совет и на оваа пленарна седница со задоволство е прифатена поканата на министерот за правда г. Михајло Маневски, Република Македонија да биде домаќин на работната група на овој совет во јуни 2010 година, во рамките на претседателствувањето на Република Македонија со Советот на Европа.

Како претставник на Академијата, која е членка на Бирото на Лисабонската мрежа на Советот на Европа, учествуваше на 8. состанок на Бирото во месец март 2009 година во Букурешт, Романија.

Активно учествува во активностите на EJTH преку реализација на Програмите за размена на судии, јавни обвинители и едукатори, како и преку реализација на обуките предвидени во Каталогот на обуки на EJTH. Во јуни 2009 година зема учество на 12. Генерално собрание на EJTH кое се одржа во Прага, Р. Чешка.

Во доменот на соработката со школите за обука на судии и јавни обвинители во 2009 година, директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, остварува интензивна соработка со школите на Хрватска, Албанија, Србија, Косово, Романија, Франција и други школи од регионот и пошироко.

Имено, на покана на директорот на Косовскиот правосуден институт, г. Лавдим Красниќи, оствари посета на Косовскиот правосуден институт, каде заедно со заменик-претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Македонија г.Фаик Арслани присуствуваше на свечената церемонија по повод отпочнувањето на почетната обука на втората генерација на кандидатите за судии и јавни обвинители, а во декември 2009 година, заедно со членот на Советот на јавните обвинители г. Насер Ајдари, присуствуваше на завршната церемонија по повод доделувањето на дипломите на првата генерација на завршени кандидати на Косовскиот правосуден институт. Исто така во рамките на оваа соработка е започнат проект на ЕК со институциите за обука на Косово, Германија и Македонија за компаративната практика.

Во мај 2009 година, директорот на Академијата ја предводеше групата на судии и други претставници на Врховниот суд на Република Македонија, која оствари посета на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Во текот на септември/октомври, директорот беше член на групата составена од заменик-претседателот, како и член на Судскиот совет на Република Македонија, претседателот на Апелациониот суд Штип и генералниот секретар на Судскиот совет која оствари посета на судските инстанци во државите Њујорк и Калифорнија во Соединетите Американски Држави во организација на USAID.

Во насока на јакнење на кадровските и институционални капацитети на Академијата, во месец јули 2009 година, директорот на Академијата ја предводеше делегацијата од Академијата на студиска посета на Академијата за европско право и Судската академија во Трир, Судот на правдата во Луксембург, како и на Европскиот институт за јавна администрација (EIPA) во Луксембург каде беа договорени основите за започнување на официјална соработка помеѓу Академијата за обука на судии и јавни обвинители и EIPA, како и конкретни мерки за отпочнување на соработката со другите ценети посетени институции.

## 4. РАБОТА И АКТИВНОСТИ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА

Стручната служба на Академијата, во текот на 2009 година, иако недоволно екипирана, во целост ги остварија задачите предвидени за секое од работните места согласно со Правилникот за систематизација. Со тоа пружија целосна поддршка и дадоа значителен придонес во остварувањето на сите планирани и зацртани цели и активности на органите и телата на Академијата и за нејзино институционално зацврстување. Стручната служба работеше на остварувањето на сите сегменти од дејностите на Академијата, почнувајќи од нејзината основна дејност, спроведувањето на сите програми за обука, техничка и логистичка поддршка на испитните комисии, на кандидатите во почетна обука, едукаторите и менторите при реализација на планираниот распоред на часови во почетната обука и на секој спроведен семинар во континуираната обука, логистичка поддршка при организирање на студиските посети, приеми на делегации, протоколарни работи, вработувањето, јавните набавки, реализација на буџетот, одржување и развој на ИТ-опремата и други активности насочени кон овозможување на нормалното секојдневно функционирање, но и натамошен развој на Академијата. Особен акцент беше нагласен на обуката на стручната служба од областите на нивното работење со цел за натамошно јакнење и унапредување на нивните способности, работни вештини и етички, човечки и професионални квалитети.

## ЕДУКАТОРИ ВО АКАДЕМИЈАТА

**Едукативниот процес во Академијата непосредно го спроведуваат вкупно 108 едукатори и тоа 58 постојани едукатори, од кои 43 судии и 15 јавни обвинители, и 50 повремени едукатори, од кои 5 судии во пензија, 25 универзитетски професори, 4 адвокати и 16 други експерти. Согласно со Правилникот за едукатори и ментори во Академијата за обука на судии и јавни обвинители („Службен весник“ број 44/2007), за одделни теми и области беа ангажирани и ад хок експерти (домашни и странски) од разни области.**

➢ Постојани едукатори:




➢ Повремени едукатори:




Во насока на реализација на зацртаните активности, Академијата ја започна постапката на обновување и проширување на листата на постојани едукатори кои ги исполнуваат условите за едукатори предвидени во Законот, Статутот и Правилникот за едукатори и ментори во Академијата.

## III. ПОЧЕТНА ОБУКА

### 1. ОСНОВНИ ЦЕЛИ, СТРАТЕГИЈА

Основната цел на Академијата е преку селекција и спроведување на почетната обука за кандидатите за судии и јавни обвинители да обезбеди компетентно, независно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција.

За прв пат во Република Македонија се создава објективен систем при првиот избор на судиите и јавните обвинители, заснован на прецизни и мерливи критериуми за прием и следење на успехот на кандидатите преку перманетно оценување од страна на едукаторите и менторите и полагање на завршен испит.




## 2. ПРВА ГЕНЕРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ 2007/2008 ГОДИНА

На свечена церемонија која се одржа на 4 февруари 2009 година, во присуство на претставници на државниот врв, претставници од правосудството и дипломатскиот кор во земјава, директорот на Академијата им ги врачи уверенијата на првата генерација кандидати што ја завршија почетната обука, со кои се стекнаа со својство на кандидати за судии, односно кандидати за јавни обвинители. Од јуни 2009 година започна изборот од страна на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители на овие кандидати за судии и јавни обвинители, при што 13 кандидати се избрани за судии, а 10 за јавни обвинители.

## 3. ВТОРА ГЕНЕРАЦИЈА НА КАНДИДАТИ 2008/2009 ГОДИНА

**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година, во Академијата паралелно се реализираше почетна обука за две генерации кандидати за судии и јавни обвинители (втора генерација 2008/2009 и трета генерација 2009/2010).**

### А) Теоретска настава

**Во текот на теоретската настава за втората генерација од 27 кандидати во почетната обука беа спроведени сите планирани и предвидени активности, односно беа одржани вкупно 720 редовни часови, 23 дополнителни часови и 5**

**посети на институции. Во дополнителните часови свои излагања имаа вкупно 4 домашни и 12 меѓународни експерти.**

Во текот на петмесечната теоретска настава кандидатите беа редовно оценувани преку бодови и подбодови од едукаторите врз основа на тестови, домашни задачи, есеи и активности на часовите, а по завршување на истата беше објавена ранг-листа за постигнатиот успех на кандидатите во теоретската настава.

**Теоретската настава за почетната обука за втората генерација кандидати за судии и јавни обвинители заврши на 19 февруари 2009 година.**

**Б) Практична настава - менторство**

Целта на практичната обука е кандидатите, под водство на менторите, да се обучат и професионално да се оспособат за практично извршување на судската, односно обвинителската функција.

Практичната настава се одвиваше согласно со Правилникот за текот и начинот на одвивање на практичниот дел од почетната обука, правата и обврските на кандидатите за судии и јавни обвинители и менторите („Службен весник на РМ" бр.32/09) и со Програмата за почетна обука - практична настава.

**Практичниот дел од почетната обука за втората генерација кандидати за судии и јавни обвинители, започна на 2 март 2009 година и заедно со полагањето на завршниот испит траеше 10 месеци.**

Во текот на практичната обука беше усвоен концептот на регионално менторство, така што истата се спроведе под водство на судиите и јавните обвинители од основните и апелациските судови во Скопје, Штип, Битола и Гостивар и соодветните основни и виши јавни обвинителства. Целта на овој концепт **е** преку интерактивниот систем на менторството - еден ментор – еден кандидат, да се придонесе за подеднаков развој на капацитетите и ефикасноста на целото правосудство. Согласно со живеалиштето, кандидатите беа распоредени во четирите апелациони подрачја во зависност од регионалното потекло и тоа: Скопје - 13, Битола – 7, Штип - 5 кандидати и Гостивар – 2 кандидати.

За секој кандидат беше формиран менторски тим со координатор одговорен за организација на практичното обучување на кандидатите.

**За реализирање на практичната настава беа ангажирани вкупно 98 ментори со следната структура:**

**од апелационите подрачја Скопје, Битола, Штип и Гостивар, од кои 29 судии од апелационите судови, 43 судии од основните судови, 13 јавни обвинители од вишите јавни обвинителства и 13 јавни обвинители од основните јавни обвинителства.**




Согласно со Програмата за почетна обука, менторството се одвиваше на следниот начин:

- 10 недели во основен суд, во сите оддели од кривичната област,
- 10 недели во основен суд, во сите оддели од граѓанска област,
- 2 недели во апелационен суд, во оддел од кривичната област,
- 2 недели во апелационен суд, во оддел од граѓанска област,
- 10 недели во основно јавно обвинителство,
- 2 недели во вишо јавно обвинителство.

Кандидатите беа упатувани на практична работа и во други институции поврзани со судската и обвинителската функција и тоа во МВР на РМ - Секторот за криминалистичка техника, Институт за судска медицина и криминалистика, Казнено-поправните домови, Центар за социјални работи, Катастар, Македонска берза, итн.

Практичната обука се реализираше преку:

- помагање на менторот во извршување работи од неговиот делокруг,
- подготвување и реферирање на предметот,
- пребарување судска практика и други извори на право,
- дискусија и предлог-одлука по завршување на судење,
- дискусија и предлог-одлука по кривични пријави,
- пишување процесни решенија,
- пишување пресуди и обвиненија,
- симулации на судења,
- изработка на извештај од посета на други органи, институции или установи.

Во текот на практичната обука во сите менторски подрачја беа одржани вкупно 76 симулирани судења, од кои 38 по граѓански предмети и 38 по кривични предмети, а **согласно со претходно изготвен распоред со архивирани судско-обвинителски предмети.**

Во апелационо подрачје Скопје беа одржани вкупно 26 симулирани судења од кои 13 по граѓански предмети и 13 по кривични предмети. Во апелационо подрачје Битола беа одржани вкупно 20 симулирани судења, од кои 10 по граѓански предмети и 10 по кривични предмети. Во апелационо подрачје Штип беа одржани вкупно 20 симулирани судења од кои 10 по граѓански предмети и 10 по кривични предмети. Во апелационо подрачје Гостивар беа одржани вкупно 10 симулирани судења, од кои 5 по граѓански предмети и 5 по кривични предмети.

По завршувањето на практичната обука, во периодот од 24 до 26 ноември се одржа подготвителна настава за полагање на завршен испит. На подготвителната настава учествуваа сите 27 кандидати и 13 ментори и тоа, 4 судии од апелационо подрачје Скопје, 2 судии и 2 јавни обвинители од апелационо подрачје Битола, 2 судии и 1 еден јавен обвинител од апелационо подрачје Штип и 1 судија од апелационо подрачје Гостивар. За време на подготвителната настава беа реализирани вкупно 17 симулирани судења, односно 10 симулирани судења по кривични предмети и 7 симулирани судења по граѓански предмети. Исто така кандидатите изготвија по еден обвинителен акт, и по една граѓанска и кривична пресуда.

Кандидатите беа перманентно оценувани од менторите со бодови и подбодови во менторски дневници, согласно со критериумите засновани во Правилникот за практична обука, а по завршување на истата беше објавена ранг-листа за постигнатиот успех на секој кандидат во практичната настава.

Од страна на кандидатите и менторите, семинарот беше оценет како многу корисен и значаен во насока на проширување на знаењата, сигурноста и искуствата кои се потребни за полагање на завршниот испит, а особено од значење за изедначување на критериумите за оценување на завршниот испит со оглед на различната судско-обвинителска практика во одделните апелациони подрачја.

**Г) Обука на менторите**

Заради усовршување и осовременување на менторската работа и практика, во организација на Академијата беа организирани три советувања на тема Обука на ментори, и тоа за секое апелациско подрачје одделно.

**Д) Завршен испит**

На 7 декември 2009 година започна спроведувањето на завршниот испит од страна на Комисијата за полагање на завршен испит конституирана на седница на Управниот одбор одржана на 24 ноември 2009 година.

Завршниот испит се состоеше од три дела. На 7 и 9 декември 2009 година се спроведе писмениот дел кој беше поделен во два сегменти: изготвување на пресуда од кривичното или граѓанското право и изготвување на обвинителен акт.

Вториот дел од завршниот испит се спроведе во текот на четири дена, и тоа: на 10 декември беа реализирани 5 граѓански симулации, на 11 декември 5 кривични симулации, на 21 декември 5 граѓански симулации и на 22 декември 2 кривични и 3 граѓански симулации.

На 23 и 24 декември 2009 година, Комисијата за завршен испит го спроведе усниот дел од завршниот испит. По завршувањето со оценувањето на сите делови на завршниот испит, од страна на Комисијата беше изготвена и објавена прелиминарната ранг–листа од полагањето на завршниот испит.

По однос на резултатите објавени во прелиминарната ранг–листа беа поднесени вкупно 8 приговори од кандидати од кои само еден беше уважен од страна на Управниот одбор на Академијата. Врз основа на одлуките на Управниот одбор по поднесените приговори, Комисијата за завршен испит ја изготви и ја објави конечната ранг–листа од полагањето на завршниот испит. Сите кандидати го положија завршниот испит со солидни резултати.

Претседателот на Комисијата за завршен испит поднесе, а Управниот одбор го усвои извештајот за текот на спроведување на испитот.

Комисијата за завршен испит ја изготви и ја објави прелиминарната а потоа и конечната ранг-листа на вкупниот успех на кандидатите во почетна обука сумирајќи ги бодовите кои кандидатите ги добиле во текот на теоретската настава, практичната настава и завршниот испит.

Конечната ранг-листа, согласно со законските прописи, ќе биде доставена до Судскиот совет на Република Македонија и до Советот на јавните обвинители и до министерот за правда на Република Македонија, а кандидатите согласно со член 126 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ број 58/2006; 35/2008) и член 95 став 2 од Законот за јавно обвинителство („Службен весник на РМ“ број 150/2007) ќе бидат избирани за 50% од утврдените слободни обвинителски места во основните јавни обвинителства и за 50% од утврдените слободни судиски места во основните судови во наредните три години.

Целта на полагањето на завршниот испит во Академијата за обука на судии и јавни обвинители беше да се оцени целокупното претходно стекнато теоретско и практично знаење на кандидатите неопходно за извршување на судиската и јавнообвинителската функција и за таа цел беше исклучително практично обмислен и конципиран. На истиот беше извршена финална проверка на стекнатите знаења на кандидатите во текот на целата обука и тоа на оспособеноста за писмена изработка на пресуди, решенија и обвинителни акти; степенот на оспособеност за вршење на функцијата судија/јавен обвинител во тек на главниот претрес/расправата и нивните ставови и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

## 4. ТРЕТА ГЕНЕРАЦИЈА КАНДИДАТИ 2009/2010 ГОДИНА

Врз основа на Одлуките на Судскиот совет на РМ Бр. 07- 547/1 од 03.03.2009 година и на Советот на јавните обвинители на Република Македонија А.бр.87-9/2009 од 14.04.2009 година беа утврдени вкупно 10 слободни судиски места и 7 слободни јавнообвинителски места.

Управниот одбор на Академијата на седницата одржана на 27 април 2009 година донесе Одлука за распишување на јавен оглас за прием на кандидати за следење на Програмата за почетна обука за 2009/2010 година, а на 11 мај 2009 година ја конституираше Комисијата за квалификација и прием на кандидати (понатаму Комисијата.)

Од вкупно 43 пријавени, кои ги исполнуваа условите, на полагање на квалификациониот тест се јавија 38 кандидати, од кои 34 го положија квалификациониот тест и стекнаа право да полагаат приемен испит. На полагање на приемниот испит се јавија 33 кандидати, од кои 17 кандидати со најголем број бодови беа примени да ја следат програмата за почетна обука во академската 2009/2010 година.

Половата и националната структура на третата генерација е како што следи:

- 13 жени : 4 мажи,
- 12 Македонци : 4 Албанци : 1 Босанец.

**На приемниот испит 27 кандидати го поминаа прагот од 70% од максимумот од 100 бодови.**

Заради подготовка за полагање на приемниот испит и спроведување на начелото на правична и соодветна застапеност, Академијата спроведе подготвителна настава за пријавените кандидати со симулација на квалификациониот тест и приемниот испит.

Програмата и Правилникот за почетна обука - теоретска настава за 2008/09, на основа на предлозите, сугестите и оценките на кандидатите, наодите на едукаторите, органите на Академијата и стручната служба, беа ревидирани со цел да се зајакне практичниот аспект во обуката преку зајакнување на составот на едукаторските тимови со искусни практичари и преку стриктната обврска на едукаторот, часот да го реализира во сооднос 50:50 на теоретски и практичен дел, со анализа на практични случаи, изработка на одлуки и други процесни акти како и посети на институции поврзани со правосудството.

Позначајна измена е предвидена во делот на оценувањето на кандидатите во теоретската настава. Имено, наместо периодични тестови кои се спроведуваа во рамките на секој предмет, за третата генерација се предвидува полагање на завршен тест на крајот на теоретската настава, кој ќе биде поделен на три дела за секоја група на предмети - прв дел за правните предмети, втор дел за општите предмети и трет дел за специјалните предмети.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНАТА ОБУКА ЗА ТРЕТАТА ГЕНЕРАЦИЈА

Третата генерација на 17 кандидати, започна да ја следи почетната обука во Академијата на 15 септември 2009 година.

Согласно со Програмата за почетна обука во Академијата за теоретската настава предвидени се вкупно 660 часови, кои се реализираат преку предавања, дебати, дискусии, анализа на практични случаи и други форми на обука и врз основа на однапред објавен целосен распоред на часови.

Во рамките на теоретската настава, **во периодот од 15 септември до 31 декември 2009 година беа одржани вкупно 512 часа, од кои 497 редовни, 15 дополнителни часа и 8 посети на институции.**

Од вкупно **512 одржани часови** во рамките на редовната настава бројот на часови по предмети изгледа вака:




**За реализирање на теоретската настава во почетната обука од листата на постојани едукатори на Академијата беа ангажирани вкупно 46 едукатори со следната структура:**




Обуката се одвиваше согласно со однапред изготвен детален распоред на часови, објавен на учесниците, секојдневно од понеделник до петок и тоа редовните часови во периодот од 8.30 часот до 15.05 часот и повремени дополнителни часови. Редовноста, активностите, оценувањето на учесниците се евидентира секојдневно во евидентниот дневник кој го води секој од едукаторите.

Во рамките на дополнителната настава, свои предавања имаа **6 домашни и 6 странски експерти.**




**ВКУПЕН СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОЧЕТНА ОБУКА**

**Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година, наставата во почетната обука за втората и третата генерација кандидати е реализирана 100% согласно со распоредот на часови за теоретска настава и плус дополнителни часови согласно со потребите на учесниците кои ја посетуваат наставата.**

# IV. ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

Согласно со членовите 42 и 43 од Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители (Службен весник на Република Македонија бр.13/2006), Академијата спроведува постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и други целни групи детално наведени во Законот.

Правото и обврската на постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се остварува во Академијата во зависност од нивниот стаж, согласно со членот 43 од Законот, и тоа како што следи.

Согласно со Законот за Академијата, со усвојувањето и објавувањето на Рамковна двогодишна програма за обука се воведува структурирана, детално планирана, континуирана обука на судиите и јавните обвинители која понатаму се реализира преку изготвување и објавување на годишен и квартални календари на активностите.

Целта на реализирање на Програмата за постојана обука е одржување и проширување не само на правните знаења и способноста за практична примена на законите од страна на судиите и јавните обвинители, туку и развивање на нивните

комплементарни вештини, потребни за вршење на судско-обвинителската функција, оспособување за примена на меѓународното право и право на ЕУ и практика што во поширока смисла ќе придонесе кон зајакнување на независноста на судството и самостојноста на обвинителството. Крајна цел на програмата е создавање модерно транспарентно и ефикасно правосудство и негова подготовка за интеграција во европското поле на правдата и оспособување на судиите и обвинителите за процес на доживотно учење.

**Академијата спроведува континуирана обука за следните целни групи:**




## ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Согласно со членот 122 од Статутот на Академијата, Програмата се изготвува врз основа на претходно анкетирање и анализа на потребите за обука на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата, преку консултирање на мислења на институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, правните факултети, професионалните комори и другите релевантни правосудни институции и организации, сумираните евалуации на учесниците на секоја обука и на едукаторите кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука, извештаите за работа на судовите, Судскиот совет на РМ, како и компаративни искуства.

## РЕАЛИЗАЦИЈА

Во текот на 2009 година во рамките на постојаното стручно усовршување Академијата ги спроведуваше следните програми за обука усвоени од Управниот одбор:

- Рамковна програма за прекршочните комисии/судии за прекршоци/судии на Управен суд за 2008/2009 година;
- Рамковна програма за обуки во рамките на постојаното стручно усовршување од областа на управното право наменета за судии на Управниот суд на Република Македонија за 2008/2009 година;
- Годишен и детални тримесечни календари за обука за 2009 година.

## ЕДУКАТОРИ

Во реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување во 2009 година учествуваа голем број домашни и странски едукатори од кои најголем дел од домашните експерти се судии и јавни обвинители, но и претставници на релевантни државни институции, како и правни експерти од областите што беа опфатени со обуките.

Во реализацијата на обуките за постојано стручно усовршување во 2009 година свој придонес дадоа **вкупно 298 едукатори, од кои 83 странски експерти и 215 домашни експерти**. Од домашните експерти, **14 се јавни обвинители, 51 се судии и 150 се експерти од други институции** согласно со областите што беа опфатени со обуките.






## ОБУКА НА ОБУЧУВАЧИ

За усовршување на стручните знаења и вештини на домашните едукатори беа реализирани еден дводневен семинар за обука на обучувачи во организација на Академијата и Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, еден тридневен семинар за обука на обучувачи во организација на Академијата и Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и неколку семинари за лицата задолжени за односи со јавност во судовите, во организација на Академијата и USAID /JRIP.

## СОДРЖИНА НА ОБУКИТЕ

Општите и специјализираните програми за постојано стручно усовршување се реализираа преку организирање семинари, работилници, конференции и тркалезни маси со примена на современи техники и наставни методи, како што се презентации во power point, студија на случаи од домашната и меѓународната практика, дискусии, на следните теми и содржини:

➢ Општи теми и практични искуства во примена на законските решенија:

• новини во материјалното и процесно законодавство од основните области на правото (кривично, граѓанско, трговско);

Специјализирани програми со следната содржина:

- организиран криминал, корупција, перење пари, убиство, злоупотреба на службена должност, изборни нерегуларности, компјутерски криминал,
- семејно насилство,
- малолетничка правда,
- сексуална злоупотреба на деца,
- прекршоци,
- заштита на лични податоци, пристап до јавни информации,
- сопственост, хипотека, облигации, работни односи,
- стечај, хартии од вредност,
- корпоративно управување,
- обуки со нотари и адвокати,

- индустриска сопственост,
- обука за други комплементарни вештини: правно истражување, раководење со време и предмети, етика, комуникациски вештини, односи со јавноста и медиумите,
- изучување на одделните членови од ЕКЧП со соодветната практика на домашните судови, како и компаративна практика на други држави и на ЕСЧП и на другите меѓународни судови со цел правилна примена на меѓународните стандарди за правично судење во разумен рок;
- менаџирање со буџетот, подготвување инвестициски програми;

➢ модулите за општите и посебните области на меѓународно право и правото на ЕУ (соработка во кривичната и граѓанска област).

**УСВОЕНА И ОБЈАВЕНА РАМКОВНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ 2009-2010**

Согласно со усвоената програма за 2009-2010 и Годишниот календар за 2009, ќе продолжи обуката на горенаведените актуелни теми и области од значење за примена на материјалните и процесни закони, а особено измените во националното и меѓународното законодавство и практика.

Посебен акцент ќе биде даден на обуката за Измените на кривичното законодавство, особено новата улога на јавниот обвинител во текот на преткривичната постапка и судечкиот судија во текот на постапката, обука на судиите за критериумите и постапката за евалуација на судиите, обуките од областа на борба против организиран криминал, за трговско право, особено стечај, корпоративно управување, новите форми на криминал, компјутерски криминал, меѓународната соработка во кривичните и граѓанските предмети итн.

На планот на обуките за правото на ЕУ, со инструментот ТАИЕКС предвидени се обуки за право на ЕУ и студиски престои во судовите во Стразбур и Луксембург, како и за согледување на компаративни искуства во земјите со слични решенија како во новото кривично законодавство. Со ЕИПА - Луксембург предвидени се обуки со нивни експерти на одделни теми од правото на ЕУ, како и обуки за јакнење на капацитетите на Академијата, особено обука на обучувачи за правото на ЕУ и студиски посети.

**ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ**

И во текот на 2009 година, Академијата продолжи со децентрализирано одржување на обуките по апелационите подрачја, практика воспоставена во 2008 година, поради бројноста на целните групи, намалување на трошоците за патување и ноќевање, ефикасно користење на работното време, како и одржување на обуките во работна атмосфера на судовите. Оваа практика е широко прифатена од судиите и од јавните обвинители.

Целта на концепцијата на регионалниот пристап на спроведување на обуките е рамномерно јакнење на капацитетите и унапредување на знаењата и вештините на носителите на правосудните функции во РМ.

## ЕВИДЕНЦИЈА

За бројот на часови согласно со Законот за Академија, поминати на постојано стручно усовршување, Академијата им издава потврди на судиите, обвинителите и државните службеници од Министерството за правда кои вршат работи од областа на правосудството, и тие податоци ги доставува до Судскиот совет на РМ, Советот на јавни обвинители и до министерот за правда. Истовремено, Академијата ги признава и часовите поминати на обука организирани во соработка со други организатори доколку тоа е однапред договорено помеѓу односните субјекти.

## ОБУКИ И СТУДИСКИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО ОРГАНИЗИРАНИ ВО СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДОМАШНИ И МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ, ПРОЕКТИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

**Во текот на 2009 година, Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија во соработка со други домашни и меѓународни институции, проекти и невладини организации ги реализира следните обуки и студиски посети во странство:**

- Совет на Европа – обуки за обучувачи; тркалезна маса за меѓународните документи во врска со тероризмот. Организирани се вкупно 3 обуки, со учество на 79 учесници. Реализирана е студиска посета на ЕСЧП во Стразбур, со учество на 14 учесници и 2 семинари за сузбивање на компјутерски криминал во Стразбур, Франција, со учество на 1 судија и 1 обвинител;

- Совет на Европа и Програмата ОПДАТ/Амбасада на САД – реализирана е студиска посета на Европскиот суд за човекови права, со обезбедено присуство на 5 судии и 2 обвинители;

- Проект за билатерална македонско–француска соработка во областа на обука на правосудството, финансиран од Владата на Р. Франција, во рамки на која се реализираат повеќе сегменти на соработка (обуки за судиите од сите апелациски подрачја, обуки за судиите на Управниот суд на РМ и обуки за менторите на Академијата со експерти од Франција). Остварени се 5 обуки со учество на 118 учесници;

- Проекти со Германска фондација за меѓународна правна соработка (IRZ) – обуки за новата улога на јавниот обвинител, кривични дела за време на изборите, избирачко право, техники на пишување пресуди, евалуација на работата на судиите, обуки за судиите и советниците на Управниот суд. Реализирани се вкупно 7 обуки со учество на 217 учесници. Остварени се и 2 студиски посети во Хале-Лајпциг и Бон, Германија, на кои учество зеле 11 судии;

- Светска банка – специјализирана обука за прекршочните комисии и судиите на Управниот суд и судиите од прекршочната област, обуки за стечај. Во рамките на оваа соработка организирани се вкупно 17 обуки кои ги посетиле 345 учесници;

- УНИЦЕФ – обуки од областа на малолетничката правда. Организирани се 5 обуки со учество на 106 учесници. Во рамките на соработката реализирана е 1 студиска посета на Словенија со учество на 4 претставници од правосудството;

- ГТЗ (GTZ) - обуки за јавни набавки, заштита на потрошувачите, трговско право. Реализирани се вкупно 6 обуки, кои ги посетиле 150 учесници. Реализирани се 1 посета на Зеница, БиХ за нотарските услуги и нивната улога во трансформацијата на Југоисточна Европа на која присуствувал 1 судија и 1 студиска посета на ЕРА, Германската академија, Судот на правдата и ЕИПА во Трир, Германија и Луксембург, на која учество земаа 6 претставници од Академија;

- УСАИД (USAID)/CGCL – обуки за трговски друштва, хартии од вредност и стечајна постапка, обуки од областа на трговското право, студиска посета во САД. Реализирани се вкупно 4 обуки со учество на 94 учесници;

- УСАИД (USAID)/JRIP – обуки за односи со јавност и медиуми, обука за портпаролите на судовите, обуки за јакнење на капацитетите на членовите на СБС, помош при изработка на стратешкиот буџетски план на судството на Република Македонија. Реализирани се 5 обуки кои ги посетиле вкупно 54 учесници;

- УСАИД (USAID)/Државна Комисија за спречување на корупција – обука за судир на интереси, која ја посетиле 32 учесника;

- CIVIPOL – семинари за хармонизација на судскомедицинската практика. Реализирани се 4 семинари со вкупно учество на 182 учесника;
- Набљудувачка мисија на ОБСЕ (OSCE) во Скопје (Оддел за владеење на правото) – обуки за избирачко право, изборни жалби, правото на судење во разумен рок за судиите и советниците од Врховниот суд на Република Македонија, новини во ЗКП. Организирани се 3 советувања со вкупно учество на 88 учесници;

- Набљудувачка мисија на ОБСЕ (OSCE) во Скопје (Оддел за владеење на правото) и Министерство за труд и социјална политика – обуки за Конвенција на ООН за дискриминација на жената. Реализирани се 4 обуки кои ги посетиле 117 учесници;

- Твининг-проект со Италија за борба против организираниот криминал и корупцијата - обуки за посебни истражни мерки, организација на јавното обвинителство, организиран криминал. Во рамките на оваа соработка реализирани се 3 обуки со учество на 88 учесници;

- Твининг-проект со Шпанија „Зајакнување на капацитетите за спречување перење пари – фаза 2“, обуки за борба против финансирање тероризам, перење пари, организациски модели. Во рамките на оваа соработка организирани се 3 обуки со учество на 33 учесници;

- Програмите на Амбасада на САД во РМ: ИЦИТАП и ОПДАТ - семинар за истраги во врска со оружје за масовно уништување, кој го посетиле 2 претставници од правосудството;

- УНХЦР – семинари за правата на бегалците. Реализирани се 2 семинара со учество на 57 учесника. Реализирана е и 1 посета на Будимпешта, Унгарија, на тема азил и миграција на која учество зеле 3 судии;

- TAIEX (Европска комисија) – семинари за семејно право, правна помош во кривичната област, право на ЕУ, член 6 од ЕКЧП. Реализирани се 4 семинари со вкупно

125 учесници. Во рамките на оваа соработка реализирана е една студиска посета на тема Европско право и независноста на правосудството во Брисел, Белгија, со учество на 7 судии; една посета на Белград, Србија за судска соработка во граѓанска, стопанска материја и материја од област на семејно право, со учество на 10 судии; и една студиска посета на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, на која учество зеле 5 судии;

- RAI – летна школа на тема „Меѓународни стандарди и соработка во борбата против корупцијата“, која ја посетија 22 учесника;

- Програмата ОПДАТ/Амбасада на САД – семинар за борба против перење пари со учество на 4 обвинители;

- UNODC - семинар за борба против тероризмот, кој го посетиле 28 учесници;

- Државен завод за индустриска сопственост (ДЗИС) – обуки за заштита на правата од индустриска сопственост. Остварени се 2 обуки на кои зеле учество 10 учесници;

- Дирекција за заштита на податоци – обука за Закон за заштита на лични податоци, која ја посетиле 24 учесници;

- Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК) - семинари за судир на интереси. Организирани се 3 семинари со учество на 52 учесника;

- Здружение за кривично право и криминологија на Македонија (ЗКПКМ) – семинари за конфискација, вкрстено испрашување, посебни истражни мерки, казнено-правна одговорност на правни лица, медијација, правосудна полиција и истражни центри. Реализирани се 6 советувања со учество на 215 учесници;

- Здружение на јавните обвинители во РМ – семинар за кривично-правна одговорност на правните лица, кој го посетиле 21 учесник;

- ЗСРМ/ЗЈОРМ – семинари за притвор пред судење. Вкупно 3 семинари со вкупно 92 учесника;

- Коалиција за правично судење – семинари за посебни истражни мерки, притвор, компензација на жртви, должина на постапка, конфискација на имот, улогата на сведокот, изборни нерегуларности. Организирани се вкупно 10 семинари со учество на 219 учесници;

- Комисија за хартии од вредност – семинар за примена на Законот за хартии од вредност, со учество на 40 учесници;

- Македонско здружение на млади правници (МЗМП) – семинари за недискриминација. Организрани се 2 семинара со учество на 18 учесници;

- МНР – семинар за криминал од омраза со учество на 3 претставници на правосудството;

- Нотарска комора – семинар за Закон за вонпроцесна постапка во врска со наследувањето, на кој присуствубале 36 учесници и специјализирана обука за јавните обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупција;

- ERA – во рамките на соработката со Германската академија остварени се 5 студиски патувања во Трир, Германија за директивите за антидискриминација на Европската комисија и правото на ЕУ за еднаков третман помеѓу жените и мажите на кои присуствувале вкупно 11 учесници;

- USAID/JRIP – 1 студиска посета на САД со учество на 4 претставници од правосудството на РМ;

- Национална школа за магистрати, Бордо – посета на Бордо, Франција, на Европската недела и на тема жртвите во Европската судска зона со учество на 3 претставници;

- Институт за информатички науки, Марибор – посета на Марибор, Словенија за COBISS 2009 на која учество зел 1 претставник од Академијата;

- EPAS, Министерство за млади и спорт на Република Србија и Совет на Европа – посета на Белград, Република Србија за борба против расизмот и насилството преку различностите во спортот, на која присуствувал 1 судија;

- ФОРУМ – посета на Сараево, БиХ на тема забрана за злоупотреба, мачење, свирепо и нечовечно или понижувачко постапување и казнување, на која присуство имале 3 обвинители;

- 2 посети на Косовскиот институт за правосудствоод страна на 4 претставници;

- Посета на Никозија, Кипар за Програмата за обука на национални судии за конкурентско право на Европската комисија, на која учество зеле 2 судии;

- Состанок на Бирото на Лисабонската мрежа, на кој присуствувал 1 претставник од Академијата;

- Посета на Тирана, Албанија за имплементација на алтернативните мерки во кривичните предмети, со учество на 2 судии и 1 обвинител.




- **Во 2009 година, на Академијата и беа одобрени следните проекти:**

- Предлог-проектот за Јуриспруденција, којшто беше поднесен до програмата МАТРА на Министерството за надворешни работи на Кралството Холандија, од страна на Центарот за меѓународна правна соработка и Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, во 2009 година беше одобрен, а ќе се реализира во периодот 1 февруари 2010 година – 31 јануари, 2013 година;

- **Барањето за користење средства од ИПА-фондовите за зајакнување на капацитетите на Академијата е одобрено и во моментот е во тек тендерската процедура, а истото ќе се реализира 2010–2011 година и предвидува:**

- Проценка на потребите за обука и развивање на план за имплементација на обуки;
- Развивање/ревидирање на програмите за обука и обезбедување на материјали за обука;
- Воведување на современ систем за електронско учење (e-learning);
- Водење на децентрализирани обуки на локално ниво (формирање на регионални центри);
- Набавка на опрема, библиотечни материјали и простории.

## СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОБУКИТЕ

Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2009 година, во организација на Академијата или во соработка со други организации, одржани се вкупно 212 семинари со 2249 часови и учество на 5768 учесници. Од нив 2965 се судии, 777 се јавни обвинители, 688 стручни соработници во судовите, 266 административни работници во

судовите, 116 стручни соработници во јавните обвинителства, 57 административни работници во јавните обвинителства и 903 се надворешни учесници.




Со ваков степен на реализација на планираните обуки, се постигна исклучителен резултат во исполнување на законскиот минимум на обука за секој судија и јавен обвинител во Република Македонија (87,7% го достигнале законскиот минимум).

Со одржаните обуки во текот на 2009 година беше исцрпен Годишниот календар за обуки за 2009 година, како и усвоената Рамковна програма за постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители 2009-2010 година по теми и содржини.

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ

Во текот на 2009 година реализирани се неколку специјализирани програми: обуки за новоизбрани судии и новоименувани јавни обвинители за теми од граѓанско право, кривично право и општи теми; обуки за сметководители за новиот начин на пресметување плата; обука за судиите на Врховен суд на РМ и Управен суд на РМ за судење во разумен рок и повеќе обуки за прекршочната постапка пред прекршочните органи.

## V. ДОМАШНА СОРАБОТКА

Во национални рамки продолжува интензивната и плодна соработка со Министерството за правда на Република Македонија, со другите државни органи и институции и со невладиниот сектор, а особено на полето на организирање на обуки со

професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители, Здружението за кривично право и криминологија, Коалицијата за правично судење, со правните факултети со кои се остварува размена на домашни и странски експерти, книги, публикации, а особено продлабочување на соработката на полето на привлекување и регрутирање на дипломираните правници во Академијата, подготовка на кандидати од другите заедници, како и со останатите државни органи и институции во чии работни групи активно се вклучени со кои се остварува исполнување на обврските за обука според НПАА на Владата на РМ. Новина претставува отпочнување на заеднички обуки со нотарите, извршителите и медијаторите и други целни групи од значење за проширување на знаењата на судиите и јавните обвинители

## VI. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Академијата остварува интензивна меѓународна соработка на билатерален и на мултилатерален план преку организирање на студиски посети и размени на судиите, јавните обвинители, органите на Академијата, другите правосудни органи, за Судскиот совет на РМ, Врховниот суд и Управниот суд на РМ.

### 1. СОРАБОТКАТА СО EJTH

Особено значајна е соработката со Европската мрежа за судска обука (EJTH). Имено, Академијата од стекнувањето на статус на набљудувач во оваа мрежа активно е вклучена во сите нејзини активности и програми. Академијата понуди свои обуки кои беа вклучени во Каталогот на обуки на EJTH за 2009 година со покана за учество на истите на судиите и јавните обвинители од европските држави, при што 10 судии и јавни обвинители од повеќе европски земји ги посетуваа семинарите на Академијата вкулучени во Каталогот на обуки на EJTH за 2009 година.

Постојан едукатор на Академијата од редот на ИТ-експертите е постојан член на работната група на EJTH за компјутерски технологии, која на пленарната седница во Прага ги презентираше веб и комуникациските планови, соработката со другите работни групи и прикажаа жива презентација на Moodle, виртуелна средина за учење (VLE), како ефектна солуција за учење од далечина.

Исто така, во текот на 2009 година, Академијата беше вклучена и во Програмата за размена при што во повеќе европски држави беа испратени вкупно 5 учесници и тоа 2 судии, 1 јавен обвинител, 2 едукатори. Во рамките на Програмата за размена, Академијата беше и домаќин на вкупно 5 учесници и тоа 1 граѓански судија од Република Чешка, 1 кривичен судија од Италија, 1 јавен обвинител од Италија, 1 јавен обвинител од Шпанија и 1 јавен обвинител од Романија.

### 2. СОРАБОТКАТА СО ЛИСАБОНСКАТА МРЕЖА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Исто така, Академијата е членка и на Европската мрежа за размена на информации помеѓу лицата и субјектите одговорни за обука на судиите и јавните обвинители (Лисабонска мрежа) во рамките на Советот на Европа.

Академијата како членка на оваа мрежа, активно учествува во Програмата HELP, чија цел е интегрирање на ЕКЧП и јуриспруденцијата на ЕСЧП во редовните програми за обука на судиите и јавните обвинители во сите 46 земји-членки. Од особено значење во рамките на оваа програма е што Академијата започна со дизајнирање на македонска вебстраница за далечинско учење за оваа област.

Академијата има свои двајца претставници во работната група при оваа мрежа кои активно учествуваа во изработка на курикулумот за обуки за компјутерски криминал и по кој почна да одржува обуки во соработка со МВР на РМ.

Академијата како една од петте членки на Бирото на Лисабонската мрежа, учествува на состаноците на ова тело преку директорот на Академијата.

Во организација на Центарот за правни науки на Португалија (CEJ), во тесна соработка со Институтот за магистратура на Романија (NIM), а со поддршка на EJTH, Советот на Европа и неговата Лисабонска мрежа во периодот 19.-24. октомври 2009 година, во Лисабон – Португалија, се одржа четвртото издание на традиционалниот Европски натпревар на идни магистрати од европските правосудни институции за обука - THEMIS 2009. Академијата за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија по втор пат зема учество на овој меѓународен натпревар со тим од тројца кандидати од втората генерација под водство на едукаторот д-р Павлина Јанкуловска, јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Битола.

Темелното излагање, одличниот настап и особено начинот на кој беше изведена целокупната презентација, македонскиот тим во конкуренција на сите земји-учеснички, со посебна одлука на стручното жири составено од Lieke van Zanten-Renders, главен јавен обвинител од Холандија, Sonia Sousa de Moura, судија и едукатор од Португалија и Yves-Pierre Le-Roux, апелационен судија и поранешен едукатор од Франција, заслужено освои JURY AWARD /награда од жири/ за „особен квалитет на презентација на есеј“.

## 3. ОФИЦИЈАЛНИ ПРИЕМИ НА ДЕЛЕГАЦИИ

### ➢ Кандидатите од почетна обука од Косовскиот правосуден институт

Во текот на месецот март 2009 година Академијата беше домаќин на целата генерација на кандидати за почетна обука од Косовскиот правосуден институт заедно со нивните едукатори и директорот г. Лавдим Красниќи, при што беше остварена размена на искуства со кандидатите на почетната обука од Академијата, а истовремно делегацијата беше примена од претставниците на највисоките правосудни институции во државата.

### ➢ Делегација на Р. Словачка

На 12.11.2009 година, делегација на Република Словачка предводена од г-ѓа Виера Петрикова, заменик премиер и министер за правда на Словачка, а придружувана од г. Ернест Хирш Балин, министер за правда на Холандија и г. Алеш Залар, министер за правда на Словенија ја посетија Академијата за обука на судии и јавни обвинители, при што остварија работна средба со директорот на Академијата. При својата посета делегацијата беше придружувани и од г. Михајло Маневски, министер за правда на Р. Македонија. На средбите, судијата Анета Арнаудовска, директор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители на РМ им ја претстави Академијата, нејзиниот начин на

работа, целите на Академијата, реализациите и достигнувањата, кои се многу значајни кога станува збор за успешно спроведување на судските реформи, како и приближување на македонскиот правен систем кон европскиот.

На работната средба беше разговарано за огромното значење и придонесот на институциите како што е Академијата на полето на правосудството. Г-ѓа Виера Петикова имаше можност да се запознае со третата генерација кандидати кои се дел од почетната обука и да го види начинот на кој функционира Академијата. Во текот на работната средба главниот акцент беше ставен на продлабочувањето на меѓународната соработка, при што беа разменети искуства и идеи за зацврстување на пријателството и соработката помеѓу двете земји.

- **Делегација на Кралството Холандија**

На 23 ноември 2009 година делегација на Кралството Холандија предводена од министерот за правда на Холандија, д-р Ернст Хирш Балин оствари посета на Академијата за обука на судии и јавни обвинители. За време на посетата, министерот за правда на Република Македонија г. Михајло Маневски ја изложи сегашната состојба со имплементација на законските решенија и практиката во оваа област, а министерот за правда на Холандија одржа предавање за медијација. Тој ги пренесе холандските искуства и нагласи дека медијацијата е значаен алтернативен начин за решавање не само во граѓанските спорови туку и во кривичните.

- **Делегација на Р. Словенија**

На 9.12.2009 министерот за правда на Словенија, г. Алеш Залар, во рамките на својата посета на Академијата за обука на судии и јавни обвинители исто како и министерот за правда на Словенија одржа предавање на тема медијација. На предавањето помеѓу присутните беше и г. Михајло Маневски, министер за правда на Македонија кој исто така им се обратни на присутните, а на кратко, свое излагање имаше и директорката на Академијата. Министерот на Словенија не ја пропушти можноста да посочи дека медијацијата се покажува во континуитет како успешно средство за навремено, брзо и ефикасно решавање на споровите. Според, министерот на Словенија, граѓаните треба подобро да бидат запознаени со терминот медијација и неговата функција, со цел негово полесно прифаќање и имплементирање.

***

Генералниот заклучок на сите министри кои ја посетија Академијата беше дека Македонија има навистина многу постигнато во изминатите години. Правосудните институции го подобрија својот квалитет на работа со што во последните неколку години вербата на граѓаните во нив се зголемува. Според министрите, Македонија е на добар пат и го заслужува своето место во европското семејство.

## VII. ЕВАЛУАЦИЈА НА ОДДЕЛНИ СЕГМЕНТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

### ПОЧЕТНА ОБУКА

Учесниците во двете генерации на почетната обука вршат евалуација во поглед на сите компоненти во врска со организирањето на наставата од страна на Академијата.

## ПОСТОЈАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

По завршување на секоја обука, на учесниците пополнуваа евалуационен прашалник по кој беа оценувани повеќе сегменти на обуката, како организацијата, подготвеноста, стручноста на едукаторите, достапноста и корисноста на материјалите за обука итн. Овие оценки и забелешки понатаму се земаат како основа за планирање на содржината на идните обуки согласно со искажаните потреби, како и за унапредување на едукаторските способности и развивање на нивните наставни вештини.

## VIII. ЈАВНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО

Академијата за обука на судии и обвинители обезбедува редовно јавно и транспарентно информирање за своите активности преку својата вебстраница www.jpacademy.gov.mk, огласната табла и објавувањето на актите на своето работење во „Службен весник на Република Македонија“. Најголем дел од информациите за работењето на Академијата се на вебстраницата на Академијата, како: актите, организацискиот состав, програми за обука, календари, а исто така за позначајните настани доставува прес-извештаи до медиумите во РМ, објавува интервјуа во и слично.

Академија за обука на
судии и јавни обвинители

Претседател на Управен одбор,
Љубомир Јовески